




# Врсничко насилство

## ООУ“Браќа Миладиновци“



# Врсничко насилство (поим и форми на врсничко насилство)

- Насилството меѓу врсници познато е и под терминот булинг (bullying) или во превод злоупотреба, силеџиство, малтретирање. За врсничко насилство станува збор кога:
    - се манифестираат негативни (агресивни), намерни постапки меѓу децата или кога едно или група на деца постојано вознемируваат, напаѓаат или повредуваат друго дете кое не може да се одбрани;
    - тоа се долготрајни и повтороливи негативни постапки, задевање или настојување да се зададе повреда или друг вид на непријатност и штета, со намера другиот да се заплаши или повреди;
    - има асиметричен однос на силите, агресија на посилниот кон послабиот, кога детето изложено на насилство се брани со тешкотии или покажува беспомошност.

# ***Што е врсничко насилство или насилство меѓу деца?***

- ***Што не е врсничко насилство?***
  - еднократен инцидент кој не се повторува;
  - пријателско несогласување или расправија;
  - ненамерно нанесување на болка.

- ***Каде може да се случи насилството помеѓу деца?***

- Насекаде во училиштето, во училишната зграда ( училница, ходници, WC, тераса, спортска сала и други помошни простории), во училишниот двор, по пат до училиште, на роденден, спортски натпревар, на екскурзии, излети и сл.
- Најчесто тоа се места каде што нема присуство на возрасни.



# Форми на насилство помеѓу деца

1. Најчесто се јавува во два основни облика: физички и вербално насилство.

- **Физичко насилство** е највоочлив облик и подразбира удирање, клоцање,туркање, штипење, кубењена коса, удирање на шамар и сл.;
- **Вербалното насилство** најчесто го следи физичкото и подразбира навредување, ширење на гласини, исмевање, постојано задевање.
- Во наведените основни облици на насилство се издвојуваат четири подгрупи:
  - **Емоционално насилство е пропратен дел на основните два вида насилство и подразбира намерно исклучување на детето од заеднички активности во одделението или групата, игнорирање, упатување на навредливи зборови, омаловажување, исмејување, нанесување на психичка болка како последица на другите видови насилство;**
  - **Сексуално насилство подразбира несакан физички контакт (допирање и удирање по интимни делови, прикажување на порнографска содржина, сексуален акт, насилно соблекување и сл.) и навредливи коментари со сексуална содржина;**
  - **Културално насилство подразбира навреди на национална, етничка или расна основа;**
  - **Економско насилство вклучува кражба и изнудување на пари и други вредни предмети.**



- Праксата покажува и нови, современи форми на насилство. Насилството преку интернет го вклучува и таканареченото сајбер насилство – **сајбербулинг** (Cyberbullying), кое претставува насилство преку користење на компјутер и мобилен телефон. Тоа подразбира праќање на навредувачки СМС и ММС пораки, фото и видеоклипови, праќање на имејл, чет, блогови (место каде што се случува директна комуникација на лица со размена на информации, мислења, активности и сл.), посетување на веб-страници со несоодветни содржини, насилство преку користење на социјалните мрежи какви што се Фејсбук, Инстаграм, Вајбер, Скајп и слични апликации.







# Главните карактеристики на оваа форма на насилство:

- **Комуникацијата е анонимна. Најчесто скриени под лажни имиња, прекари, децата имаат чувство на голема слобода која е нереална и се многу отворени да споделат лични, интимни содржини што не би го направиле во реалната комуникација;**
- **Пораката што ја праќа личноста е полесна за пренос бидејќи недостига повратната информација од другата страна, каков што е говорот на телото, различни изрази на лицето и гестовите, а можеби и директен напад, што тука е неостварлив и изоставен;**

➢ **Нападите можат да бидат :**

- Директни - кога кон детето се праќаат вознемирувачки пораки на мобилен телефон, по имејл и четови, потоа вознемирувачки фотографии по пат на ММС-пораки на мобилен телефон или на социјалните мрежи, порнографски содржини или вируси по пат на електронската пошта или социјалните мрежи, потоа кога има групно отфрлање, исклучување на детето од комуникација на социјалните мрежи со другите и негова изолација;
- Индиректен напад е кога на детето ќе му се украде или ќе му се промени лозинката, па се објавуваат негови приватни податоци или пак измислени, невистинити податоци за него на четови, блогови или интернет-страници и на социјалните мрежи.

❖ Ова насилство може да биде многу посериозно од реалното бидејќи:

- може да биде присутно постојано, односно 24 часа;
- може да се надополнува и да трае;
- да вклучи цела мрежа на деца, за кратко време да се вклучат многу деца;
- детето кое е вознемирувано често не се чувствува безбедно ниту во својот дом и се јавува силно чувство на страв и несигурност.

- ***Фактори на ризик кои влијаат детето да се однесува насилно***

- Може да постојат повеќе фактори за појава на насилно однесување на детето кои се преплетуваат меѓусебе. Одредени белези/карактеристики на семејството, индивидуалните особини на детето или училиштето може да поттикнат или да спречат појава на насилно однесување кај децата. Други фактори кои влијаат се медиуми, интернет, врсничката група и пошироката социјална средина.
    - ***Семејството како ризик фактор за појава на насилно однесување кај детето***
- недостаток на грижа, љубов и топлина од родителите;
- недоволен родителски надзор;
- семејно насилство;
- користење на физички казни спрема детето;
- попустлив, подводлив и индиферентен родителски воспитен стил;
- семејни кризи (драстична и нагла промена во материјалниот статус на семејството;развод на родителите; болест или смрт на член од семејството и сл.)





- ***Индивидуалните особини на детето***

- трауматизирано дете;
- импулсивно дете со брзи реакции;
- низок праг на толеранција;
- егоцентричност;
- пронаоѓа брзи „решенија“ за фрустрирачки ситуации.

- ***Училитето и училишната средина***

- неадаптирано дете во училишната средина;
- чувство на неприфатеност и отфрленост од наставникот и другите ученици;
- недостаток на блискост со наставник или друго дете;
- недостаток на надзор од страна на наставниците;
- недостаток на адекватни реакции од страна на наставникот.





# Знаци на насилство (насилно дете, дете жртва, деца сведоци, разлики меѓу врсничко насилство во група на момчиња и група на девојчиња)



***I.Како да се препознае насилно дете:***

•Има потреба за моќ, контрола и доминација ;
•Физички е посилно и поголемо;
•Нема емпатија за другите;
•Висока самодоверба;
•Импулсивно;
•Не прифаќа и тешко поднесува неуспех;
•Агресивно;
•Не почитува училишни правила и наставници;
•Не прифаќа неуспех, нема толеранција, не прифаќа различности;
•Водени се од желбата и импулсивно ги задоволува сопствените потреби;
•Имаат потреба за стекнување на материјална корист.



# Детето кое врши насилство во училиште:

- Најчесто и самото е изложено на насилство и го имитира насилникот ( татко, мајка, постар брат/сестра, другар...);
- Семејно насилство или живее со авторитарен родител кој применува казни;
- Не знае подобри начини на комуникација со врсници;
- Кога има проблеми, најчесто е агресивно и насилно го разрешува проблемот;
- Може да биде наведено или поттикнато на насилство од друго лице- врсник/возрасенн;
- Може да биде организатор на насилството, а не и директен сторител;
- Често е несигурно, со ниска самопочит и агресивноста е одбрана и прикривање на својата внатрешна слабост или напнатост.





## *Како да се препознае дете жртва на врсничко насилство:*

- Несигурно и мирно дете;
- Повлечено;
- Плашливо;
- Има мал број или воопшто нема пријатели;
- Физички е слабо или многу крупно дете;
- Ниско ниво на самодоверба;
- Хронично болно, дете со попреченост или талентирано дете;
- Осамено дете;
- Различно од другите по однесување, облекување, движење...;
- Со солиден училишен успех;
- Дете од сиромашно семејство;
- Дете жртва на семејно насилство;
- Дете од различни етнички, религиски или социјални групи;
- Ново дете во одделението/класот.



# Децата кои се изложени на насилство најчесто се:

✓Физички повредени;
✓Емоционално повредени и тажни;
✓Нерасположени за другарување;
✓Несреќни;

➢ Имаат:

- Несоница или ноќни кошмари;
- Ноќно мокрење или дефекација;
- Главоболки;
- Регрес во однесување;
- „Утрински“ болки во стомак, нагон за повраќање;
- Пореметување во исхраната(анорексија/булимија).

➢ Манифестираат:

- Не сака да оди на училиште и отсутво на настава;
- Го менуваат патот до училиште или бара некој возрасен да го придружува;
- Плашливост;
- Повлеченост;
- Раздразливост;
- Не комуницираат со возрасни и деца;
- Недоверба кон возрасни;
- Слабо или воопшто не учат.



# *Набљудувачи или сведоци на врсничко насилство*

- Трета значајна и најбројна група на деца која исто така трпи последици од врсничкото насилство, а на кои често се заборава, се децата набљудувачи или сведоци. Оваа група на деца ги трпат истите или слични последици од насилството како и жртвата но со помал интензите. Но најчесто се заплашени и чувствуваат страв истото да не им се случи и на нив.





## Насилство помеѓу момчиња

- Момчињата се почесто изложени на врсничко насилство;
- Почество учествуваат во врсничко насилство;
- Применуваат физичко насилство, навредливи прекари, исмејување, заканување, пцости...
- Одземаат лични предмети од децата ( пари, клучеви, мобилен телефон...), нанесуваат штета на личните работи на децата ( фрлаат или кинат ранец, патики,спортска опрема, облека...)

## Насилство помеѓу девојчиња



- Користат посуптилни форми на насилство: исклучување од група, озборување, изолирање, исмејување,уценување,  игнорирање, потценување, омаловажување...
- Користат негативни и погрдни коментари за за самото дете или за неговите родители, браќа, сестри и др. членови од семејството
- Прават мрежа на поддршка за булингот помеѓу децата, брзо го шират кругот на поддржувачи, а со тоа штетата врз детето жртва е поголема и потешка;
- Често насилното девојче го крие својот идентитет и во јавноста користи друго дете.



# ВАЖНО!

## *Последици од насилство*

- Последиците од насилството го загрозуваат физичкото и менталното здравје на детето и може да бидат долготрајни како за детето жртва, така и за насилното дете;
- Децата кои се долго време изложени на врсничко насилство, понекогаш суицидот го гледатт како единствен излез од ситуацијата



## *Што да преземе училитето за да се спречи врсничко насилство:*

- *Формирање на Тим за заштита на децата од насилство*
  - **Училиштето формира Тим за заштита на децата од насилство, кој се грижи за безбедност и заштита на учениците од насилство;**
  - **Тимот за заштита од насилство треба да го сочинуваат вработените во установата: директор, стручни соработници (педагог, психолог, дефектолог, социјален работник) или одделенски наставници, како и наставници од предметната настава;**



- **Го известува Наставничкиот совет за планираните активности и планира и учествува во реализација на стручно усовршување на вработените во областа на превенција од насилство;**
- **Спроведува обуки за ненасилна комуникација и врсничко посредување;**
- **Води евиденција за насилството во училиштето и изработува извештај за реализација на спроведените мерки за заштита, кој е составен дел од Годишниот извештај за работа на училиштето.**



# ПРЕВЕНЦИЈАТА Е ПРИОРИТЕТ !

- Превенцијата на насилството во училиштата претставува збир на мерки и активности кои имаат за цел создавање безбедно, сигурно и заштитено опкружување, развивање и негување на атмосфера на соработка, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на одредени правила на однесување во рамките на воспитно-образовните активности, развивање на вештини за препознавање и ефикасно реагирање во ситуации на насилство.



## *Интервенции во случаи на насилно однесување-*

- Интервенцијата се однесува на соодветна реакција од училишните служби во ситуации кога има сомнение или се случило насилство или злоупотреба.
- **Целта на интервенцијата** е, пред сè, да се запре насилството и злоупотребата, да му се обезбеди сигурност на детето, да се намали ризикот од повторување на насилството и да се ублажат и отстранат последиците од него. Интервенцијата го опфаќа следново:

I. Усогласена и доследна примена на утврдените постапки и процедури во ситуации на насилство;

II. Соработка со релевантните институции и служби;

III. Континуирано евидентирање на случаите на насилство, следење и вреднување на видовите и зачестеноста на насилството по пат на истражување, забележување и проверка;

IV. Давање поддршка на децата кои трпат насилство;

V. Работа со децата кои вршат насилство;

VI. Зајакнување на децата кои се набљудувачи на насилството и насоки за конструктивно реагирање;

VII. Советодавна работа со родителите на децата кои трпат насилство и на децата кои вршат насилство.




ТИМ
Кој и на кој начин го прекинува насилството?
Кој ќе разговара со учесниците во насилството?
Кој ги информира родителите и разговара со нив?
Кој ги планира, ги спроведува и следи ефектите на заштитните мерки?
Кој и на кој начин ја води евиденцијата?
Кој комуницира со другите служби и медиумите?



# *Листа на идеи, акции на превентивно делување на училиштето:*

- А). во кои се вклучени децата:
  - **Недела посветена на активности против насилство;**
  - **Денови на толеранција;**
  - **Месец на убави зборови и позитивни пораки;**
  - **Ден на пријателство;**
  - **Хуманитарни акции;**
  - **Кутија на доверба;**
  - **Рубрика во училишното списани со тема насилство и дел на web**
- страната на училиштето;
  - **Квизови, натпревари;**
  - **Маркирање на ризилни места во училиштето;**
  - **Спортски натпревари;**
  - **Електронски презентации, брошури, прирачници;**
  - **Игри за превенција од насилство;**
  - **Училишен ѕид со графити;**
  - **Училишен СОС телефон;**
  - **Училишен разглас, радио;**
  - **Играње театар, драма, музички настапи со порака „Стоп за насилството";**
  - **„Топ листа на теми" – со гости/професионалци од другите служби;**
  - **Катче за совети;**
  - **Врсничка медијација;**
  - **Ученички парламент;**
  - **Избор на топ листа на најдобри постапки од ученици и др.**

- Б). во кои се вклучени возрасни (наставници, родители):
  - **Остварување на добра комуникација помеѓу родителите и наставниците;**
  - **Поттикнување и наградување на добра пракса;**
  - **Објавување на добри примери на разглас, на web страна, во училишно списание;**
  - **Одржување на групи за позитивно родителство;**
  - **Изработка на постери и изложување низ училиштето;**
  - **Организирање на трибини, дебати, тркалезни маси со вклучување на**
- целата локална заедница за проблемите со врсничко насилство;



- Во светот и кај нас спроведени се низа истражувања за врсничкото насилство. Добиените резултати од истражувањата спроведени од ОН покажуваат:
  - **повеќе од 20% на деца на возраст од 13 до 15 години, од 106 земји, изјавиле дека во последниот месец барем еднаш имале искуство со врсничко насилство;**
  - **на глобално ниво 16% до 19% од децата се жртви на врсничко насилтво;**
  - **насилството најчесто се слуучува помеѓу четвртто и деветто одделение;**
  - **71% од наставниците во светски рамки не преземаат ништо и не се обзираат на врсничкото насилство;**
  - **Насилното однесување се учи рано и на мала возрст и тешко се менува.**



- Истражувањата спроведени кај нас (Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта и Запирање на насилството во училиштата – упатство за наставници прикажани во Стратегијата за намалување на насилството во училиштата 2012 – 2015) покажуваат:
  - **15 % од девојчињата и 40 % од момчињата учествувале во тепачки;**
    - 36 % од учениците биле изложени на навредување и исмевање;
    - Тепачки меѓу учениците: 29 %;
    - Тепачки меѓу ученици од различна етничка припадност: 15 %
    - Уништување на училишниот инвентар (клупи, столчиња, прозорци): 15 %
    - Тепачки меѓу девојчиња и момчиња: 8 %
    - Навредување на учениците од страна на наставниците: 11 %
    - Физичко казнување на учениците од страна на наставниците: 10 %
    - Навредување на наставниците од страна на учениците 9%.

### Основи за дискриминација
### Член 3

Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).



Во националната правна рамка говорот на омраза претставува кривично дело и е опфатен со повеќе кривични дела, стипулирани во **Кривичниот законик** (КЗ). Со измените на КЗ, од 2018 година, дополнително се регулираа и забранија повеќе видови дела од омраза, вклучително и говор на омраза, дефинирано како: „кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот, кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика, или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување." (член 122, став 42)**"**



Говорот на омраза е забранет преку повеќе одредби од КЗ, и тоа: „Загрозување на сигурноста" – чл.144, „Изложување на подбив на македонскиот народ или на припадниците на заедниците" – чл.179, „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа" – чл. 319, „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" - чл.394-г, „Одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства" – чл.407- а, и „Расна и друга дискриминација" - чл.417 став 3 од Кривичниот законик. Овие дела, во суштина, го забрануваат секое омаловажување, разгорување и ширење нетрпеливост и омраза, загрозувањето на сигурноста и изложувањето на подбив на различни групи луѓе во општеството поради нивните лични карактеристики или припадноста кон одредена група, кое најчесто се случува по основ на раса, религија, етничка припадност, национално потекло, јазик, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, класа/социјално потекло, телесна и/или интелектуална попреченост.



# Член 4

- Одделни изрази употребени во овој закон, го имаат следново значење: - сторител на семејно насилство е секое лице кое врши дејствие на насилство од член 3 од овој закон; - жртва на семејно насилство (во натамошниот текст: жртва) е секое лице кое на територија на Република Македонија трпи насилство од член 3 од овој закон;
- - блиски лични односи, се лични односи меѓу лица кои се или биле во партнерски односи;
- - дете е секое лице на возраст до 18 години;
- - телесно/физичко насилство, е секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето на жртвата;
- - психичко насилство, е секое дејствие кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и итегритетот на жртвата;
- - демнење, е намерно повторено заканување кон жртвата, кое предизвикува истата да се плаши за својата безбедност;
- - сексуално насилство, е секое дејствие на сексуален акт и сексуално вознемирување врз лице без дадена согласност;
- - економско насилство, е секое дејствие на ограничување или спречување во располагање со лични приходи и финансиски средства, за одржување на заедничкото домаќинство и за грижа на детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата;
- - родово засновано насилство врз жените означува насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погаѓа;
- - изразите, употребени во овој закон се однесуваат на лица од машки и женски пол.



# Надлежни органи и институции

Член 5

- Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа, институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието, преземаат мерки за заштита на жртвата и спречување на насилство, остваруваат меѓусебна соработка и координација. Институциите од став 1 на овој член, се должни да обезбедат работите од својата надлежност да ја вршат стручни лица, обучени за спроведување на работите определени со овој закон и родово засновано насилство. Надлежниот суд изрекува привремени мерки за заштита на жртвите, согласно овој закон. Институциите од став 1 на овој член и надлежниот суд воспоставуваат посебна евиденција за семејно насилство, согласно со прописите за заштита на личните податоци. Формата и содржината на образецот за размена на податоците од надлежните институции за белезите, потребни за следење на состојбите со семејно насилство, како и начинот на размена на податоците од институциите ги пропишува министерот за труд и социјална политика.



# Помош и заштита на децата

## Член 10

- Дете е жртва кога трпи директно насилство, кога е присутно на насилни односи помеѓу членовите на неговото семејство или кога живее во средина во која има насилни односи. Кон дете сторител на семејно насилство не се применуваат привремените мерки за заштита од овој закон, а се применуваат одредбите од Законот за правда на децата и одредбите од Закон за семејството кои се однесуваат на уредување на односите на родителите и децата, надзор над вршењето на родителското право и старателството.



## Пријавување од службени лица

### Член 13

Одговорното лице и раководното лице од институцијата кои вршат дејност од областа на социјалната и детската заштита, вработувањето, внатрешните работи, здравството и образованието, се должни да пријават сознание за семејно насилство до полициската станица или центарот за социјална работа.

Секое одговорно и раководно лице во правно лице е должно да пријави сознание за семејно насилство до полициска станица или центар за социјална работа.

### Член 14

Информациите за жртвата или сторителот на насилството, врз основа на кои жртвата или членовите на нејзиното семејство можат да бидат идентификувани, не смеат јавно да се објавуваат, освен ако жртвата се согласи на тоа.

Институциите, родителите, старателите, згрижувачите или посвоителите се должни да го заштитат детето од изложување во јавност, во рамките на нивната грижа за детето.



# VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

## Член 62

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на сторителот на семејното насилство, кој нема да ја почитува или ќе ја прекрши изречената привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот од членот 34 од овој закон и изречената привремена мерка/ки за заштита од член 35 од овој закон.

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице што нема да постапи согласно членовите 13, 19 став 1, 21, 28 став 3 и 31 од овој закон.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од став 2 на овој член ќе му се изрече за прекршок на раководното лице во центарот за социјална работа кое нема да постапи согласно рокот предвиден во член 19 став 1 од овој закон.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од став 2 на овој член ќе му се изрече за прекршок на раководното лице во институција кое нема да постапи согласно рокот предвиден во членовите 21, 28 ставови 2 и 3 и 31 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 600 евра евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице кое нема да постапи согласно рокот предвиден во членовите 19 став 1, 21, 28 ставови 2 и 3 и 31 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на граѓанин кој нема да постапи согласно член 12 од овој закон.

Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на здружение за непочитување на рокот предвиден во член 32 став 2 од овој закон.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за здружението од став 7 на овој член ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во здружението за непочитување на рокот утврден во член 32 став 2 од овој закон.



# Тековна состојба на проблемот

- Во Македонија има многу закони за заштита и превенција од насилството врз децата. Законот за заштита на децата конкретно ги забранува сите форми на насилство под сите околности и предвидува обврска за сите граѓани да го пријават секое насилство врз де- цата веднаш штом ќе дознаат за таков чин.8

- Иако не постојат конкретни законски мерки за справување со врсничкото насилство, се- пак со членот 64 од Законот за основно образование се предвидени одредени чекори и мерки кои треба да се преземат во случај кога ученикот/ученичката учествува во *физич- ко или други форми на насилство.*



# Член 64

1) Член 64-а ставот

1) Родителот, односно старателот се упатува на советување, ако: - ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе предмети, - ученикот има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци, - ученикот е недисциплиниран, - ученикот го навреди наставникот, - **ученикот учествува во тепач- ки или други форми на насилство**, - ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување, - ученикот се однесува неморално или неетички и - во краток период на ученикот значително му опадне успехот.
2) Одделенскиот, односно раководителот на паралелката повикува на советување нај- малку еден родител, односно старател од ставот (1) на овој член со покана упатена преку телефон, по пошта или со лична достава.
3) Ако поканата се однесува за асоцијално или антисоцијално однесување на ученикот, односно неморално или неетичко однесување на ученикот, пред да се испрати поканата се бара стручно мислење од Педагошката служба.



4) Педагошката служба, во рок од десет дена од приемот на барањето доставува стручно мислење за однесувањето на ученикот од ставот (3) на овој член.
5) Поканата за советување на родителот, односно старателот треба да биде нумерирана и да се достави најмалку осум дена пред одржувањето на советувањето.
6) Формата и содржината на поканата за советување ги утврдува министерот.
7) Ако родителот, односно старателот од оправдани причини не може да се јави на пока- ната е должен за отсуството да го извести одделенскиот, односно раководителот на па- ралелката, пред одржувањето на советувањето или во рок од три дена по советувањето.
8) Одделенскиот, односно раководителот на паралелката го известува психологот, од- носно педагогот во училиштето за доставената покана за советување на родителот.



9) Психологот, односно педагогот на училиштето изготвува неделен и месечен план за одржување на советувањето согласно со основите од ставот (1) на овој член.

10) Со учениците чии родители, односно старатели се упатени на советување заради постапувања на ученикот од ставот (1) на овој член психологот, односно педагогот реа- лизира советување на ученикот, по завршување на советувањето на родители, односно старатели, согласно со Програмата за советување на ученици, која на предлог на Педагошката служба ја донесува министерот.

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

| Вид на врсничко насилство | Број на случаи |
|---|---|
| Физичко | 147 |
| Вербално | 145 |
| Сексуално | 7 |
| **Вкупно** | **299** |

Од 33 испитаници, претставници на скопски училишта кои доставиле пополнет прашал- ник (листата на училишта и прашалникот се во прилог), 22 од нив потврдиле дека имало вкупно 147 случаи на физичко врсничко насилство во минатата учебна година (min=1, max=33 по училиште), 19 одговориле дека имало вкупно 145 случаи на вербално насил- ство (min=1, max=30 по училиште), а 3 испитаници одговориле дека имало сексуално врсничко насилство во вкупно 7 случаи (min=1, max=3 по училиште).



A. Од сите овие случаи, <u>учениците според нивните демографски/социјални белези биле:</u>

- Машки - 282
- Женски - 86
- Македонци - 253
- Албанци - 32
- Роми - 35
- Деца со посебни потреби - 10






- На прашањето дали училиштето води формална евиденција за бројот на случаи на врс- ничко насилство во текот на учебната година, 82,8% од испитаниците одговориле пот- врдно, додека 17,2% одговориле со не.
- Од оние испитаници кои одговориле потврдно на претходното прашање, скоро сите, од- носно 95,7% одговориле дека училиштето го следи натамошниот развој на ваквите случаи.





- Какви мерки се преземаат во училиштето за справување со врсничкото насилство?








# ЗНАЕВТЕ ЛИ ДЕКА

ОКОЛУ **1 МИЛИЈАРДА** ДЕЦА СЕ СООЧУВААТ СО **НАСИЛСТВО**.

ВО МАКЕДОНИЈА РЕЧИСИ ПОЛОВИНА ОД ДЕЦАТА НА ВОЗРАСТ ОД **2-14** ГОДИНИ ДОЖИВУВААТ ФИЗИЧКО **КАЗНУВАЊЕ** ВО ДОМОТ.

**8** ОД **10** РОДИТЕЛИ ИЗВЕСТУВААТ ЗА КОРИСТЕЊЕ **НАСИЛНИ МЕТОДИ** ЗА ДА ГИ **ОДГЛЕДУВААТ** ДЕЦАТА.

ПОЛОВИНА ОД **ТИНЕЈЏЕРИТЕ** ВО **СВЕТОТ** СЕ СООЧУВААТ СО ВРСНИЧКО **НАСИЛСТВО**

( СЕКОЈ ДЕН. 42% ОД )
13-15 ГОДИШНИ МОМЧИЊА И ДЕВОЈЧИЊА ПРИЈАВУВААТ ДЕКА СЕ **МАЛТРЕТИРАНИ** ВО УЧИЛИШТЕ.

**НАСИЛСТВО** СЕ СЛУЧУВА И НА **- ИНТЕРНЕТ -** КАДЕ СТОРИТЕЛИТЕ ОСТАНУВААТ **АНОНИМНИ**, НО ПОСЛЕДИЦИТЕ **КАТАСТРОФАЛНИ**.

„**НИЕДНО** ДЕТЕ НЕ ТРЕБА ДА РАСТЕ СО СТРАВ!“




СТОП
ЗА
НАСИЛСТВОТО
КАЈ МЛАДИТЕ